OHRIDSKA BANKA

Врз основа на член 57, став 4, точка 31 од Статутот на Охридска Банка АД Скопје, Надзорниот одбор, на седница одржана на ден 25.2.2021 година, донесе:

**ПИСМЕНО МИСЛЕЊЕ**
по Годишниот извештај за работењето
на Охридска банка АД Скопје за 2020 година

Надзорниот одбор на Охридска АД Скопје го разгледа Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје за 2020 година на седница одржана на 25.2.2021 година, и го даде следното мислење:

1. Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2020 година содржи податоци за макроекономските, монетарните и регулаторните услови во кои банката ги остваруваше своите активности, податоците за состојбите, движењата и структурните промени во билансот на состојба, остварениот финансиски резултат, управувањето со ризиците, корпоративното банкарство и банкарството на мало, развојот на производи, промет во земјата и странство, информации за управувањето со човечките ресурси, управување со информатичката техологија, преземените маркетиншки активности и останатите банкарски активности кои се во функција на поуспешно работење на Банката.

2. Извештајот дава целосна слика за работењето на Банката и нејзините организациони единици во 2020 година. Податоците во извештајот укажуваат на позитивни трендови кај повеќето банкарски активности и остварување на позитивен финансиски резултат.

3. Во годишниот извештај е вграден извештајот за корпоративното управување изготвен врз основа на Кодексот за корпоративно управување на Банката и Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка.

4. Според наше мислење, Годишниот извештај реално и објективно го презентира работењето на Охридска банка АД Скопје во текот на 2020 година.

НО.бр. 0203-9983/16-3
Скопје, 25.2.2021 година

НАДЗОРЕН ОДБОР НА
ОХРИДСКА БАНКА АД Скопје

ОХРИДСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

Претседател
Георг Бухер